КОАЛИЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ

# 2020

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА КОАЛИЦИЈАТА

# ГОДИШЕН НАРАТИВЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА КОАЛИЦИЈАТА ЗА 2020

СКОПЈЕ, МАРТ 2021

**Издавач:** Коалиција на здруженија на граѓани

Сите за правично судење

Ул. Македонија 11/2-10, 1000 Скопје

Тел/Факс: +389 2 6139874

E-mail: contact@all4fairtrials.org.mk

Web: **www.all4fairtrials.org.mk**

**За издавачот:** Натали Петровска,
Извршна директорка

**Автор:** Национална канцеларија на
Коалиција Сите за правично судење

**Уредник:** Натали Петровска,
Ивана Петковска,

**Обработка:** Даниел Митковски

**Дизајн и печат:** Графохартија

**Тираж:** 100

Овој извештај е подготвен од Коалиција Сите за правично судење со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Мислењата изразени во овој извештај не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски Држави.

Содржината е единствена одговорост на Коалиција Сите за правично судење и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.

# СОДРЖИНА


ДО НАШИТЕ КОНСТИТУЕНТИ ..... 5

Правен, финансиски и физички пристап до правда во основните судови во Р. Северна Македонија ..... 2

Мониторинг и зајакнување на капацитетите на институциите во борбата против организираниот криминал ..... 3

Институционален грант - Цивика мобилитас ..... 4

Корупција? Не во мојата општина! ..... 5

Евалуација на стандардите за фер судење и пристап до правдата во судски предмети за семејно насилство и криминал од омраза ..... 6

Зајакнување на капацитетите на истражувачките новинари во областите од поглавјето 23, а со фокус на правосудството. ..... 8

Влијанието на мерит системот врз судската независност и професионалност во Северна Македонија ..... 9

„До заробената држава" во Северна Македонија – судство, обвинителство, полиција ..... 9

Мерката притвор помеѓу домашната и европската пракса ..... 10

Системски мониторинг на кривични судски постапки ..... 11

За правда – Следење на спроведувањето на стратегијата за реформи во правосудството 2019 – 2020 ..... 12

Правна помош и подршка за зајакнување на капацитетите за застапување и одржливост на локални граѓански организации ..... 14

Конференции, работилници и средби ..... 16

Јавни реакции ..... 20

Документи, анализи и правни текстови ..... 22

Медиумска видливост ..... 24

Коалиција „сите за правично судење" низ бројки во 2020 година ..... 30

Активности на органите на коалиција „сите за правично судење" ..... 31

    Годишно Собрание на Коалиција „Сите за правично судење" ..... 31

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2020 ..... 32

    Биланс на приходите и расходите ..... 32

    Биланс на состојба на ..... 32

Контакт информации ..... 33

    Тимот на националната канцеларија на Коалицијата ..... 33

Информации за Коалицијата: ..... 34

# ДО НАШИТЕ КОНСТИТУЕНТИ

Почитувани,

Коалицијата на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“ е формална мрежа од 13 организации членки кои имаат една заедничка мисија, а тоа е: следење на почитувањето на човековите права и слободи посебно на меѓународните стандарди на правично судење преку разни форми на делување во настојувањето да се зголеми нивото на нивното имплементирање, да се иницираат институционални и правни реформи како и да се врати довербата на граѓаните во судството и другите институции на системот.

Во текот на 2020 година беа набљудувани вкупно 1806 судски постапки низ судовите во Република Северна Македонија во сите 4 апелациони подрачја. Во текот на 2020 година беа обучени 50 набљудувачи за мониторинг на судски рочишта и за увид во правосилни предмети од двете области. Оваа година Коалицијата посебен акцент стави на судските предмети од областа на организиран криминал и корупција кои што се со висок степен на јавен интерес.

Коалицијата во 2020 година објави 6 јавни реакции и 23 анализи за сите недоследности и прекршувања на човековите права кои што се појавија во текот на судските процеси. Базата на набљудувачи на Коалицијата е значително зголемена и брои околу 60тина набљудувачи на територија на Република Северна Македонија.

Во 2020 година, Коалицијата се регистрираше и во Регистарот на здруженија за бесплатна правна помош. Коалицијата активно работеше и на зајакнување на капацитети на правосудните органи во насока на приближување на истото кон критериумите поставени со Поглавјето 23.

Правосудните органи и институциите ја препознаваат Коалицијата како фактор кој што може да даде особен придонес кон зајакнување на довербата на граѓаните во институциите на системот, како и кон посочување на потребата за можните реформи во судските постапки, сè со цел да се придонесе кон осигурување на правата на фер и правично судење кои што се загарантирани со Уставот, законите и меѓународните договори. Засилената потреба од реформските процеси во изминатите години, а особено иницирањето на процесот на реформи во правосудството кои директно или индиректно влијаат на перформансот на судовите, беше дополнителна мотивација на Коалицијата да продолжи со следење на судските постапки.

Со почит,

Натали Петровска
Извршна директорка
Коалиција „Сите за правично судење“

# РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ВО 2020 ГОДИНА

# ПРАВЕН, ФИНАНСИСКИ И ФИЗИЧКИ ПРИСТАП ДО ПРАВДА ВО ОСНОВНИТЕ СУДОВИ ВО Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Проектот „Правен, финансиски и физички пристап до правда во основните судови во Р. Северна Македонија“ започна со имплементација во јуни 2018 година со поддршка од Проектот на УСАИД за граѓанско учество и се спроведува до средината на 2021 година. При имплементација на овој проект, посебен фокус се даде на граѓанските судски постапки и ранливите категории на граѓани (маргинализирани групи и лица со попреченост) во четирите апелациони региони: Скопје, Гостивар, Битола и Штип.

Во рамки на овој проект отворени се четири регионални канцеларии во Република Северна Македонија на ниво на апелационите подрачја. Канцелариите се отворени во Штип, Битола, Тетово и Скопје. Канцелариите во Тетово и Битола беа во соработка со организации-членки на Коалицијата, односно со Младински Културен Центар-Битола и Мултикултура-Тетово. Канцеларијата во Штип беше отворена во соработка и со поддршка од Општина Штип, па потоа канцеларијата беше преместена во просториите на Основниот суд во Штип како би се овозможило полесен пристап на граѓаните до истата. Во овие канцеларии, граѓаните можеа да се обратат за потребата од мониторинг на граѓански постапки.

Во февруари 2020 година целите на проектот беа проширени и дополнети со нова компонента – евалуација на примената на мерката конфискација во кривичните предмети и истиот ќе се спроведува до мај 2021 година. За таа цел, ангажирани беа набљудувачи за вршење на мониторинг на судски кривични постапки со посебен фокус на определување на мерката конфискација на имот со кои беше спроведена обука одржана на 27.02.2020 година и 28.02.2020 година во хотел Романтик, Велес.



*Напредна обука за набљудувачи, хотел Романтик, Велес*



*Работни состаноци, хотел Солун, Скопје*

Како проектни активности во рамки на овој проект во 2020 година беа одржани два работни состаноци. На 18.09.2020 година беше одржан работен состанок на тема „Правен пристап до правда“. На 22.09.2020 година беше одржан работен состанок на тема „Финансиски пристап до правда“ со претставници од Министерството за правда на Р.Северна Македонија, Врховниот суд на Р.Северна Македонија, Судскиот совет на Р.Северна Македонија и Адвокатската комора на Р.Северна Македонија.

# МОНИТОРИНГ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ВО БОРБАТА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ

Проектот „Мониторинг и зајакнување на капацитетите на институциите во борбата против организираниот криминал и корупција" започна да се спроведува во декември 2018 година, а ќе се имплементира до јуни 2021 година. Проектот се имплементира во партнерство со нашата членка Асоцијација за демократска иницијатива (АДИ) од Гостивар која што е носител на проектот. Проектот е финансиски поддржан од ИПА фондовите на Европската Унија.

Главната цел на проектот е да се даде придонес кон работата на институциите во борбата против организираниот криминал и корупција. Главните активности на овој проект се: мониторинг и евалуација на транспарентноста и пристапноста на институциите кои се борат против организираниот криминал и корупцијата, мониторинг на поранешното Специјалното јавно обвинителство, Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и Државната комисија за спречување на корупција во поглед на јавноста и транспарентноста, како и мониторинг на судски предмети од областа на организираниот криминал и корупција во Основниот кривичен суд Скопје.

Во текот на оваа година беа организирани два работни состаноци со претставници на релевантни институции. На 24.09.2020 година се одржа работен состанок со судии од Основниот кривичен суд Скопје, а на 30.09.2020 година се одржа работен состанок со јавните обвинители кои се овластени да постапуваат по предметите кои се иницирани од поранешното СЈО. Претставниците на овие институции ги споделија предизвиците со кои секојдневно се соочуваат во рамки на делокругот на своето работење и предложија идеи и сугестии за надминување и решавање на проблемите со кои се соочуваат.





*Работни состаноци, хотел Солун, Скопје*

# ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ГРАНТ - ЦИВИКА МОБИЛИТАС

Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), кој го спроведуваат NIRAS од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и ФЦГ Шведски развој АБ (ФЦГ Шведска). Период на имплементација на овој проект е од јули 2019 година до јуни 2022 година.

Цивика мобилитас го поддржува граѓанското општество во промовирање општествени промени во (стратешки) области, како што се добро владеење, децентрализација и развој на граѓанското општество. Во јули 2019 година Коалицијата започна со имплементација на институционалниот грант кој што ќе трае 3 години. Со овој институционален грант Коалицијата е насочена кон три компоненти и тоа:

(1) компонента 2 - Граѓански ангажман,

(2) компонента 3 – Соработка и

(3) компонента 4 - Граѓанско учество.

Во рамките на овој проект, Коалицијата ги унапреди своите алатки за прибирање на податоци како дел од методолошкиот пристап на организацијата преку креирање на платформа/е-сервис за база на податоци од мониторинг на судски постапки. Со помош на оваа платформа се олесни системот на прибирање и обработка на податоците, што ќе резултира со поквалитетни и детални анализи на прибраните податоци.

Со цел постојано надградување на капацитетите на набљудувачите на Коалиција „Сите за правично судење“, на 28.09.2020 година беше организирана обука за набљудувачи на тема: „Говор на омраза и криминал од омраза“.




*Обука за набљудувачи, online платформа Zoom*




*Прирачникот можете да го погледнете на следниот линк: https://cutt.ly/Fjn2qlK*

Коалиција „Сите за правично судење“ во рамки на Институционалниот грант изготви прирачник за граѓанска постапка. Прирачникот служи за информирање на граѓаните кои немаат доволно познавање од областа на правото, а сакаат да дознаат повеќе за текот на една судска постапка.

# КОРУПЦИЈА? НЕ ВО МОЈАТА ОПШТИНА!

Коалицијата Сите за правично судење започна со имплементација на проектот „Корупција? Не во мојата општина!“ со финансиска поддршка од Агенцијата за меѓународен развој на Соединетите Американски Држави (УСАИД). Периодот на имплементација на овој проект е од јуни 2020 година до март 2021 година.

Општа цел на проектот е зајакнување на граѓанското учество во борбата против корупција на локално ниво.

Краткорочни цели се да се зајакнат капацитетите на граѓаните за борба против корупција и да се овозможи простор за унапредување на соработката помеѓу граѓаните и локалната самоуправа.

Во рамките на овој проект беше креиран онлајн сервис на кој граѓаните можат да поставуваат прашања од областа на корупција и судир на интереси. Онлајн сервисот беше креиран со цел да обезбеди директна помош на граѓаните кои се соочуваат со конкретен проблем или имаат прашања во врска со корупцијата и судирот на интереси, правните средства коишто ги имаат на располагање, како и сите други прашања од значење за функционирањето на локалната власт.

На 09.12.2020 година Коалиција „Сите за правично судење“ го одбележа Меѓународниот ден за борба против корупција со штанд пред општина Карпош. На поставениот штанд се делеа едукативни материјали за тоа што претставува корупција и судир на интереси и кои се начините истите да се пријават.




*Меѓународниот ден за борба против корупција, општина Карпош, Скопје*

# ЕВАЛУАЦИЈА НА СТАНДАРДИТЕ ЗА ФЕР СУДЕЊЕ И ПРИСТАП ДО ПРАВДАТА ВО СУДСКИ ПРЕДМЕТИ ЗА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО И КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА

Коалицијата „Сите за правично судење“ започна со имплементација на проектот „Евалуација на стандардите за фер судење и пристап до правдата во судски предмети за семејно насилство и криминал од омраза“ во времетраење од јануари 2020 до декември 2020, поддржан од Кралство Шведска преку Шведската агенција за развој и соработка, доделена преку „Нориската поддршка за развој на Северна Македонија“, проект имплементиран од страна на Канцеларија на Обединети нации за проектни услуги (УНОПС).

Општа цел на проектот е да ги поддржи кривично-правните реформи со цел исполнување на пристапните критериуми на ЕУ предвидени во Поглавјето 23.

Специфични цели се подобрување на судската постапка и пристап до правдата во случаите на семејно насилство и криминал од омраза, како и подобрување на правниот публицитет и транспаретност.

Во периодот од 27.01.2020 година до 28.01.2020 година се одржа обука за набљудувачи на судски предмети од областа на семејното насилство и криминал од омраза.



*Обука за набљудувачи, хотел Романтик, Велес*




*Промотивен настан, Основен кривичен суд Скопје*

Судски совет на Р.Северна Македонија и Министерството за правда на Р.Северна Македонија за прв пат овозможија на граѓанската организација – Коалиција „Сите за правично судење “ да воспостави канцеларија за бесплатна правна помош и мониторинг на кривични судски постапки во просториите на Основен кривичен суд Скопје, со цел да се зголеми свеста на граѓаните во врска со бесплатна правна помош, но и да се олесни пристапот до правда.

На 13.02.2020 година беше организиран настан за промоција на соработката со Основен кривичен суд Скопје. На овој настан се обрати Иван Џолев, Претседателот на Основниот кривичен суд Скопје и Натали Петровска, извршната директорка на Коалицијата „Сите за правично судење“.

На 27.04.2020 година и 29.04.2020 година беа одржани две предавања на тема „Семејно насилство и криминал од омраза“ со група средношколци и студенти од Прилеп и Скопје.

Во тек на имплементација на проектот беа одржани два работни состаноци. На 16.10.2020 година, се одржа работен состанок со претставници од релевантни институции, односно судии од Основен кривичен суд Скопје, јавен обвинител од Основно јавно обвинителство Скопје, адвокати, Народен правобранител, Центар за социјална работа и Министерство за внатрешни работи. На 06.11.2020 година, се одржа онлајн работен состанок со претставници на граѓански организации кои што директно или индиректно работат во областа на семејно насилство и криминал од омраза.






*Работни состаноци одржани 06.10.2020 година и 06.11.2020 година*

# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ИСТРАЖУВАЧКИТЕ НОВИНАРИ ВО ОБЛАСТИТЕ ОД ПОГЛАВЈЕТО 23, А СО ФОКУС НА ПРАВОСУДСТВОТО.

Во септември 2020 година, во соработка со Фондација Отворено општество – Македонија започна со имплементација на проектот „Зајакнување на капацитетите на истражувачките новинари во областите од Поглавјето 23, а со фокус на правосудството“, кој ќе  се спроведува до 30.06.2021 година.

Целта на проектот е зајакнување и унапредување на капацитетите на новинарите во областите од Поглавјето 23, со што ќе се придонесе во објективно и непристрасно информирање на јавноста и документирање на исполнувањето на обврските на земјата и спроведените реформиски процеси како предуслов за пристапување на РСМ кон ЕУ, зајакнување на соработката помеѓу граѓанските организации и новинарите и подигнување на општата јавна свест за темите од областа на правосуството.

Во рамки на овој проект, на 23.11.2020 година се одржа првата тематска обука за новинари на тема: „Надлежности на институциите и судовите во кривичната постапка“.




*Тематска обука за новинари, online платформа Zoom*

На 07.12.2020 година, се одржа состанок со дел од новинарите на овој проект, на кој се дискутираше за изработката на текстови во кои што ќе бидат опфатени теми од областа на правосудството: „Пречките на патот до функционално правосудство“ со посебен фокус на кривичната правда.




*Работен состанок со новинари, online платформа Zoom*

# ВЛИЈАНИЕТО НА МЕРИТ СИСТЕМОТ ВРЗ СУДСКАТА НЕЗАВИСНОСТ И ПРОФЕСИОНАЛНОСТ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во септември 2020 година, Коалицијата „Сите за правично судење" започна со имлементација на проектот „Влијанието на мерит системот врз судската независност и професионалност во Северна Македонија". Проектот е подржан од Амбасада на САД во Северна Македонија и ќе се спроведува до 31.08.2021 година.

Општа цел на проектот е придонес кон подобрување на функционалната независност и професионалност на судството со поддршка на практичното спроведување на системот на заслуги за назначување, унапредување, дисциплинска одговорност и разрешување на судии.

Посебни цели на проектот се:

Поддршка на процесот на реформи во судството преку спроведување на детално истражување, следење и проценка на ефектите на процесот на реформи врз работата на Судскиот совет и Академијата за судии и јавни обвинители;

Подигање на нивото на јавна критика, особено кај експертската јавност (правни практичари, професори по право, претставници на надлежни институции и специјализирани невладини и граѓански организации) во врска со назначување, унапредување, дисциплинска одговорност и разрешување на судии.

Како проектна активност, на 24.12.2020 година беше одржан работен состанок на тема: „Системот за оценување на судиите во однос на назначување во повисоки судови, унапредување и дисциплински санкции ", на кој што се дискутираа потенцијалните предизвици, проблеми, како и добрите практики во однос системот за оценување на судии.




*Работен состанок, online платформа Zoom*

# „ДО ЗАРОБЕНАТА ДРЖАВА" ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – СУДСТВО, ОБВИНИТЕЛСТВО, ПОЛИЦИЈА

Проектот „До Заробената држава" во Р. Северна Македонија – судство, обвинителство, полиција е финансиски поддржан од страна на Фондација Отворено општество-Македонија. Носител на проектот е Балканска истражувачка репортерска мрежа (БИРН) од Скопје, а Коалиција „Сите за правично судење", Институт за човекови права и Хелсиншки комитет за човекови права се јавуваат како партнери во проектот. Проектот започна да се имплементира во април 2019 година и истиот се спроведуваше до април 2020 година. Целта на проектот беше да ги идентификува начините низ кои се остварува политичката контрола врз институциите (судството, обвинителството, полицијата) или начините на кои се злоупотребуваат системските слабости на владеењето на правото.

Во рамки на овој проект е објавена публикацијата „Заслепена правда: до заробена држава во Северна Македонија – судство, јавно обвинителство и полиција„ која преку практични примери и случаи од реалниот живот ги прикажува конкретните манифестации на ваквата заробеност и последиците од неа.




*Публикацијата можете да ја погледнете на следниот линк: https://cutt.ly/MjmhlrS*

## МЕРКАТА ПРИТВОР ПОМЕЃУ ДОМАШНАТА И ЕВРОПСКАТА ПРАКСА

Во ноември 2019 година, Коалицијата „Сите за правично судење“ започна со имплементација на проектот „Мерката притвор помеѓу домашната и европската пракса“, финансиски поддржан од Фондацијата Отворено општество – Македонија.

Целта на проектот е да се влијае на реформските процеси во судството од аспект на употребата на мерката притвор и останатите мерки за обезбедување присуство, а во корелација со препораките на ЕУ и Поглавјето 23. Преку вршење увид во правосилно завршени кривични предмети (поточно во барањата и решенијата за определување на мерката притвор) од страна на ангажирани теренски истражувачи регрутирани од базата на набљудувачи на Коалицијата, како и со деск- истражување се овозможија статистички податоци за употребата на мерките за обезбедување на присуство, кои што пак беа основа за подготовка на финалната анализа. Финалната анализа понуди детекција на најчести системски проблеми и проблеми во праксата, дијагноза на причините поради кои се појавуваат овие проблеми во пракса, како и препораки за надминување на детектираните состојби, а со цел исполнување на критериумите поставени во Поглавјето 23.




*Финалната анализа можете да ја погледнете на следниот линк: https://cutt.ly/Yjn9kfE*

# СИСТЕМСКИ МОНИТОРИНГ НА КРИВИЧНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

Коалиција „Сите за правично судење“ започна со имплементација на проектот „Системски мониторинг на кривични судски постапки“ со финансиска поддршка од Фондацијата Отворено Општество Македонија. Период на реализизација на овој проект е од 01.01.2020 до 31.01.2021 година.

Цели на овој проект се: подржување на судските реформи насочени кон целосно исполнување на критериумите поставени со Поглавјето 23 преку оценување на ефикасноста на кривичната правда во основните судови и следење на практичната имлементација на процесните гаранции поставени во ЗКП и меѓународно прифатените стандарди за фер и правично судење, зголемување на транспарентноста на судовите на институционални ниво преку зајакнување на правото на јавно судење во основни судови, како една од компонентитет на стандардитет за фер и правично судење, подигнување на свеста за стандардсите на правично судење преку иницирање на јавни дебати и застапувачки активности за надминување на декетираните состојби.

Во периодот од 06.02.2020 година до 07.02.2020 година во Велес се одржа основна обука за 20 набљудувачи на кривични судски постапки.



*Основна обука за набљудувачи, хотел Романтик, Велес*

Во периодот од 07.10.2020 година до 08.10.2020 година на online платформата Zoom се одржа напредна обука за набљудувачи на кривични судски постапки.




*Напредна обука за набљудувачи, online платформа Zoom*

Во рамките на овој проект изготвен е прирачник „Прв пат во суд“ - кривична постапка, наменет за граѓаните коишто немаат информации и насоки како треба да се однесуваат во суд доколку бидат повикани.




Прирачникот можете да го погледнете на следниот линк: https://cutt.ly/jjmqJF8



Меѓународен ден на човекови права, Основен кривичен суд Скопје

Во рамките на овој проект, на 10.12.2020 година беше одбележан Меѓународниот ден на човековите права со штанд пред Основниот кривичен суд во Скопје. На штандот се делеа промотивни материјали поврзани со правата на граѓаните во судските постапки, како и прирачникот „Прв пат во суд" - кривична постапка.

На 15.12.2020 година беше одржан работен состанок со судии и јавни обвинители, а на 17.12.2020 година беше одржан состанок со адвокати. На состаноците се дискутираше за позитивните и негативните искуства што ги имаат институциите надлежни да постапуваат по кривични предмети, како и за сите предизвици при таквото постапување. Дополнително, се дискутираа проблемите што ги детектираа набљудувачите во рамки на мониторингот на кривични судски постапки.




*Работни состаноци со судии, јавни обвинители и адвокати, online платформа Zoom*

Во текот на реализација на проектот, беа мониторирани 400 рочишта за главна расправа во Основните судови во Р. Северна Македонија, а од процесот на мониторинг произлегоа 5 јавни реакции за пропусти во законите и нивната практична примена.

## ЗА ПРАВДА – СЛЕДЕЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМИ ВО ПРАВОСУДСТВОТО 2019 – 2020

Коалиција „Сите за правично судење" во партнерство со Хелсиншки Комитет за човекови права на Република Македонија (МХК), Македонско здружение на млади правници (МЗМП), Институт за човекови права (ИЧП),

Здружение на граѓани – институт за европска политика (ЕПИ) и Центар за правни истражувања и анализи (ЦПИА) го спроведува проектот. Период на имплементација на проектот е од 01.07.2019 до 30.06.2020 година.

Општа цел е зголемување на влијанието на граѓанските организации врз процесот на спроведување на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2017 – 2022) и зајакнување на независноста и непристрасноста на судството.

Посебни цели:

(1) Да го оцени спроведувањето на Стратегијата во однос на почитувањето на временската рамка утврдена со Акцискиот план, транспарентноста на процесот, како и нивото на вклученост на засегнатите страни и граѓанскиот сектор;

(2) Да го оцени квалитетот на предложените закони и политики, како и степенот на реализирање на целите поради кои истите се донесени;

(3) Да влијае на процесот на реформи во правосудството преку изработка и доставување на препораки засновани на докази за предложените закони и политики и унапредување на јавната дебата

На 17.01.2020 година, Блупринт групата за реформи во правосудството одржа брифинг за новинари посветен на правните последици од процесот на лустрација, како и на процесот на поништување на лустрацијата.



Брифинг средба за новинари, хотел Солун, Скопје

На 28.01.2020 година, Коалиција „Сите за правично судење“ како дел од Блупринт групата за реформи во правосудството учествуваше на 107-мата седница на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците во Собранието на Република Северна Македонија, на која се одржа јавна расправа на тема “Јавното обвинителство како ефикасен орган во борба против корупција”.



Коалицијата „ Сите за правично судење“ во рамки на Блупринт група за реформи во правосудството учествуваше во изготвување на две тематски анализи. Првата анализа е со наслов: „Анализа на квалитетот на реформите кои се однесуваат на избор, избор во повисок суд и разрешување на судиите“. Анализата е достапна на следниот линк: https://cutt.ly/cjmlBhv. Втората анализа е со наслов: „Ефикасна кривична правда: Преглед на предметите иницирани од СЈО“. Анализата е достапна на следниот линк: https://cutt.ly/Zjml6Lk.

# ПРАВНА ПОМОШ И ПОДРШКА ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ И ОДРЖЛИВОСТ НА ЛОКАЛНИ ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Проектот „Правна помош и поддршка за зајакнување на капацитетите за застапување и одржливост на локални граѓански организации“ е финансиски поддржан од Европската Унија со договор бр. IPA/2017/393-124 во рамки на програмата IPA Civil Society Facility and Media Programme 2016 – 2017. Проектот се спроведуваше во периодот од 1 јануари 2018 до 30 јуни 2020 година од страна на Македонското здружение на млади правници, Данскиот совет за бегалци, Фондацијата за развој на локалната заедница – Штип и Коалиција „Сите за правично судење“.

Општата цел на проектот е да го зголеми влијанието на граѓанските организации во процесите за креирање и донесување на закони, политики и одлуки на локално и национално ниво преку зајакнување на нивната отчетност, ефикасност и одржливост.

Во насока на остварување на општата цел, проектот вклучува спроведување на повеќе активности групирани во три компоненти:

(1) Правна помош и поддршка на граѓански организации за зајакнување на нивните внатрешни правила и процедури (статути, правилници, политики), целосно исполнување на законските обврски кои се однесуваат за граѓанските организации и правно зајакнување во односите на граѓанските организации со трети лица;

(2) Зајакнување на капацитетите на локални граѓански организации за застапување и влијание врз политиките, законодавството и донесувањето одлуки на локално и национално ниво преку обуки и менторска поддршка при спроведување на поединечни активности за застапување; и

(3) Зајакнување на капацитетите на локални граѓански организации за зајакнување на нивната одржливост преку обуки и менторска поддршка при изработката на проектни апликации.

# УЧЕСТВО НА КОНФЕРЕНЦИИ, РАБОТИЛНИЦИ И СРЕДБИ ВО 2020 ГОДИНА

# КОНФЕРЕНЦИИ, РАБОТИЛНИЦИ И СРЕДБИ

Коалиција „Сите за правично судење", како претставник на Блупринт групата за реформи во правосудството, присуствуваше на работна средба помеѓу политичките партии за предлог Законот за јавно обвинителство одржана на 24.01.2020 година.

Претставник на Коалиција „Сите за правично судење" учествуваше на работилници на тема: „ Communication for Social Change" организирани од страна на УНХЦР, кои се одржаа на 03, 10, 11, 17 и 24 јуни 2020 година.

Извршната директорка на Коалиција „Сите за правично судење", Натали Петровска, на 14.07.2020 година учествуваше на панел дискусија на тема: „Како до прочистено судство и како да се зголеми надзорот на Собранието врз борбата против корупција?" организирана од Институт за европска политика (ЕПИ).




*Панел дискусија „Како до прочистено судство и како да се зголеми надзорот на Собранието врз борбата против корупција?", online платформа Zoom*

Во месеците јули, септември и октомври претставник на Коалиција „Сите за правично судење" учествуваше на работилници организирани од Коалиција Маргини кои се однесуваа на психо-социјална и правна помош на маргинализирани заедници.

На 14.09.2020 година, Коалиција „Сите за правично судење", како дел од Блупринт групата за реформи во правосудството, оствари средба со Министерот за правда на Р.Северна Македонија, Бојан Маричиќ. Блупринт групата која ја следи Стратегијата за реформи во правосудниот сектор, со Министерот Бојан Маричиќ дискутираше на повеќе актуелни теми како подготовките за почетокот на преговорите со Европската Унија, како и реформите во ресорот правда.

Претставник на Коалиција „Сите за правично судење" на 16.10.2020 година учествуваше на Националниот форум и Средбата за вмрежување организирани од Цивика Мобилитас.



***Национален форум и Средба за вмрежување, хотел Александар Палас***

Претставници на Коалиција „Сите за правично судење" на 16 и 17 октомври 2020 година учествуваа на Seventh Annual Regional Rule of Law Forum for South East Europe на тема поврзана со КОВИД-19 и Европската конвенција за човекови права.

Коалиција „Сите за правично судење“ на 17.10.2020 година постави свој штанд на Денот на граѓанските организации организиран од Цивика Мобилитас.




Seventh Annual Regional Rule of Law Forum for South East Europe, хотел Мериот




Ден на граѓански организации, Градски парк, Скопје

# ЈАВНИ РЕАКЦИИ, ДОКУМЕНТИ, АНАЛИЗИ, ПРАВНИ ТЕКСТОВИ И МЕДИУМСКА ВИДЛИВОСТ ВО 2020 ГОДИНА

# ЈАВНИ РЕАКЦИИ

На 23.01.2020 година, Блупринт групата објави јавна реакција на тема: „Попречувањето на правдата мора да биде санкционирано!“. Реакцијата можете да ја погледнете на следниот линк:

https://cutt.ly/5jI47VD

